РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 27 – 988/9
22-05-2026 20 год
Скопје - Shkup

Друштво за производство, промет и услуги Тони Димески МИКЕ-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО
Бр. 0302/21
22.05.2026 год.
увоз-извоз Прилеп

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24, 49/25 и 96/26), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за производство, промет и услуги Тони Димески МИКЕ – ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДОО Прилеп на локалитетот „Дупен Камен" с.Плетвар, општина Прилеп бр.57-4046/14 од 19 мај 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 108/26) и членот 22 од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дупен Камен" с.Плетвар, општина Прилеп бр.24-3740/1 од 06.08.2021 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2.Друштвото за производство, промет и услуги Тони Димески МИКЕ – ИНЖЕНЕРИНГ увоз-извоз ДОО Прилеп
со адреса: Ул Ѓорѓи Димитров бр.24 Прилеп
Прилеп, Република Северна Македонија
застапувано од лицето Тони Димески
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2026 година во Скопје, склучија:

# А Н Е К С
# НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ДУПЕН КАМЕН" С.ПЛЕТВАР, ОПШТИНА ПРИЛЕП

## Член 1

Во Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дупен Камен" с.Плетвар, општина Прилеп бр.24-3740/1 од 06.08.2021 година, членот 2 се менува и гласи:

„Член 2
Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 1 на овој договор се продолжува за период од дваесет години".

## Член 2

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој Анекс на Договор.

## Член 3

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

## Член 4

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дупен Камен" с.Плетвар, општина Прилеп бр.24-3740/1 од 06.08.2021 година.

## Член 5

Сите останати одредби од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на локалитетот „Дупен Камен" с.Плетвар, општина Прилеп бр.24-3740/1 од 06.08.2021 година остануваат во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ
СУРОВИНИ

Сања Божиновска

За Концесионер
Друштвото за производство,
промет и услуги Тони Димески
МИКЕ – ИНЖЕНЕРИНГ
увоз-извоз ДОО Прилеп

Тони Димески

Изработил: Љубица Лешоска Трајковска
Контролирал: : m-r Jeton Kuçi
Согласен: Филип Петровски
Проверил номотехнички: Елена Неткова Ивковска
Маја Ивановска Тофиловска
Одобрил: Горан Јовановски

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

**Локалитет:** **Дупен камен - Прилеп**

**Минерална суровина:** **Мермер**

**Површина = 0.305113 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7553625 | 4581750 |
| 2 | 7554550 | 4581750 |
| 3 | 7554550 | 4581500 |
| 4 | 7554000 | 4581500 |
| 5 | 7554000 | 4581140 |
| 6 | 7553740 | 4581325 |
| 7 | 7553625 | 4581600 |